**Легенда** — завршено на време — завршено со доцнење — незавршено — рокот претстои — доцнење до 31 декември 2015 г.

До 15 септември 2015 година ќе има нов, специјален обвинител со целосна автономија да ја води истрагата околу следењето на комуникациите. Овој специјален обвинител се именува преку договор на долупотпишаните страни.
рок 15.09.2015 - реализирано на 16.09.2015 | доцнење 1 ден

Со непосредно дејство, нема да има објавување на дополнителни материјали поврзани со прислушкуваните разговори.
рок 02.06.2015 - реализирано на 02.06.2015

ТДо 10 јуни политичките партии ќе се договорат за точната организација на владата која ќе ги организира изборите.
рок 10.06.2015 - реализирано на 15.07.2015 | доцнење 35 дена

СДСМ ќе претседава со Комисијата за надзор врз разузнавачките служби.
рок 05.09.2015 - реализирано на 04.09.2015

На 1 септември СДСМ ќе се врати во Собранието.
рок 01.09.2015 - реализирано на 01.09.2015

СДСМ ќе претседава со специјална анкетна комисија за испитување на скандалот со прислушкуваните разговори.
рок 15.09.2015 - реализирано на 09.11.2015 | доцнење 53 дена

Партиите се договорија да ги спроведат сите препораки од Европската комисија за системските прашања од владеење на правото. Спроведувањето ќе биде предмет на разгледување во контекст на Пристапниот дијалог на високо ниво, вклучувајќи ги сите главни политички партии и граѓанското општество пред објавување на Извештајот на ЕК за напредокот на РМ за 2015.
рок 30.9.2015 - незавршено | доцнење 92 дена

Горенаведеното правило дека Владата ќе поднесува оставка навреме за да ја напушти функцијата 100 дена пред следните избори и дека ќе се именува нова влада, ќе се применува на изборите што ќе се одржат во април 2016 година, како и на сите следни избори, по неопходните законски измени што ќе се направат што е можно побрзо.
рок 30.9.2015 - реализирано на 09.11.2015 | доцнење 40 дена

До 30 септември на новиот состав на Државната изборна комисија ќе и бидат дадени зголемени надлежности за да обезбеди слободни и фер избори и еднаков терен за сите партии, вклучувајќи зголемени надлежности за надзор.
рок 30.9.2015 - реализирано на 09.11.2015 | доцнење 40 дена

| јуни | јули | август | септември | октомври | ноември | декември | јануари |
|---|---|---|---|---|---|---|---|

рок 31.8.2015 - незавршено | доцнење 122 дена
Во периодот меѓу јуни и август, ЕУ ќе олеснува меѓупартиски дијалог за постигнување договор за стуктурните реформски прашања. Договорот се однесува на реформите кои треба да се преземат во областите на Поглавјата 23 и 24, претставување во и независно функционирање на релевантните државни тела, поголема медиумска слобода и целосно усогласување со препораките и мислењата на Венецијанската комисија.

31.07.2015 - реализирано на 15.12.2015 | доцнење 137 дена
До 31 јули 2015 г. ќе се ревидира и измени составот на Државната изборна комисија.

рок 30.9.2015 - незавршено | доцнење 76 дена
Ќе се спроведат сите препораки на ОБСЕ/ОДИХР, вклучително и ревизија на Избирачкиот список согласно нова договорена методологија.

рок 20.10.2015 - реализирано на - 11.11.2015 | доцнење 22 дена
Нов министер за внатрешни работи ќе биде именуван по предлог на СДСМ и во консултација со ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ. Овој министер ќе биде технички поставен.

рок 20.10.2015 - реализирано на - 11.11.2015 | доцнење 22 дена
Ќе биде именуван нов министер за труд и социјална политика, по предлог на СДСМ.

рок 20.10.2015 - реализирано на - 11.11.2015 | доцнење 22 дена
Заменици-министри ќе бидат назначени за следните министерства:
а. Министерство за внатрешни работи, по предлог на ВМРО-ДПМНЕ
б. Министерство за труд и социјална политика, по предлог на ВМРО-ДПМНЕ
в. Министерство за финансии, по предлог на СДСМ
г. Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, по предлог на СДСМ
д. Министерство за информатичко општество и администрација, по предлог на СДСМ
Овие заменици министри ќе имаат целосно право на контрола и вето за сите правни, финансиски и персонални прашања поврзани со организацијата на изборите.

рок 30.11.2015 - незавршено | доцнење 31 ден
Комисијата ќе започне со работа, разгледувајќи ги недостатоците во демократскиот надзор над разузнавачките служби. Специјалната анкетна комисија за скандалот со прислушкуваните разговори ќе поднесе иницијален извештај до ноември 2015 година.

рок 30.11.2015 - незавршено | доцнење 31 ден
Комисијата ќе започне со работа, разгледувајќи ги недостатоците во демократскиот надзор над разузнавачките служби. Комисијата за надзор врз разузнавачките служби ќе поднесе иницијален извештај до ноември 2015 година.

рок 24.03.2016
Пред следните избори, Владата ќе побара зголемено долгорочно и краткорочно набљудување на изборите од страна на ОБСЕ/ОДИХР.

рок 15.12.2015 - реализирано на 30.12.2015 | доцнење 15 дена
По враќањето на СДСМ во Собранието сите материјали кои ги поседува СДСМ или било кој друг ќе бидат предадени до специјалното јавно обвинителство за натамошна постапка.

рок 14.1.2015
Актуелната Влада ќе ја поднесе својата официјална оставка до Собранието навремено за да овозможи инаугурација на новата влада на 15 јануари 2016 година, 100 дена пред парламентарните избори што ќе се одржат на 24 април 2016 година. На чело на новата влада ќе биде нов премиер номиниран од страна на ВМРО-ДПМНЕ. Во оваа Влада ќе останат претходно назначените министри и замениците министри. Програмата на Владата ќе биде ограничена на организација на предвремените параламентарни избори.

Инфографикот е составен врз основа на следењето на спроведувањето на Преглед на реализација на Политичкиот договор од јуни/јули 2015 година во кое учествувваа следниве членки на Мрежата:

Институт за европска политика. Скопје

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

КОАЛИЦИЈА СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ / KOALICIONI TË GJITHË PËR GJYKIME TË DREJTA / SARINE BAŠO NIJAMALO KRISIPE

НВО ИНФОЦЕНТАР

# Преглед на реализација на Политичкиот договор од јуни/јули 2015 година ("Договорот од Пржино")

Партиите се согласуваат на прво место да се стават интересите на државата и ја потврдуваат нивната посветеност кон евроатланските процеси и демократските принципи.

Во интерес на сите граѓани и на сите заедници во земјата, партиите се согласуваат за чекорите за надминување на актуелната криза. Тие се посветуваат за да се обезбеди вклучување во реализацијата на овој договор преку консултации и координации со најголемите партии во земјата.

Партиите се обврзуваат да ги почитуваат демократските принципи на политичката одговорност во разрешувањето на клучните предизвици со кои се соочува земјата. Во ова предизвикувачко време за земјата, партиите се согласуваат дека тие мораат, дејствувајќи во интерес на сите граѓани, да ги разрешуваат критичните предизвици со кои се соочува државата, кои се без преседан - да се консолидира економскиот и демократскиот развој, да се зајакнат меѓуетничките односи, да се обезбеди целосно спроведување на Охридскиот договор, да се зајакнат добрососедските односи и меѓународното реноме, и со тоа да се доведе земјата кон евроатлантскиот пат.

Затоа, партиите се согласуваат да се воспостави "транзициски период" почнувајќи веднаш, и завршувајќи со слободни и демократски избори во целосна согласност со европските стандарди до крајот на април 2016 година.

ОВОЈ ПРОЕКТ Е ФИНАНСИРАН ОД
ЕВРОПСКАТА УНИЈА И КРАЛСТВОТО НА ХОЛАНДИЈА

Kingdom of the Netherlands

МРЕЖА 23